МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ИНТЕГРИРАНО СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО

БАРАЊЕ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка

БАРАЊЕ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

СОДРЖИНА

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ....4
II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ....6
III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА....16
IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА....18
V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД....22
VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРА....24
VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА....28
VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА....30
IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ....31
X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ....32
XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ....36
XII. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ....39
XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ....48
XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ....50
XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ....51
XVI. ИЗЈАВА....56

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на компанијата[1]	**Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка**
Правен статус	**ДОО**
Сопственост на компанијата	**Приватна**
Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата)	**Нас. Грамаѓе, бб** **Крива Паланка**
Број на вработени	**4 вработени во погонот**
Овластен преставник	**Светлана Велиновска**
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето[2]	**3.2. Индустрија на минерали – Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини; и** **3.6. Индустрија на минерали – Инсталации за производство на керамички производи со печење пред се ќерамиди, тули, огноотпорни тули, плочки, каменина или порцелаин, со производствен капацитет од 5 т/ден до 75 т/ден.**
Проектиран капацитет	**3 т/час**

[1] Како што е регистрирана во Централен регистар на РМ, важечка на денот на апликацијата

[2]Да се внесат шифритена активностите на инсталацијата согласно Прилог 1од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на РМ“бр. 89/05). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активнопсти кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно одделени една од друга.

I.1. Вид на барањето[3]

Обележете го соодветниот дел

Нова инсталација	
Постоечка инсталација	√
Значителна измена на постоечка инсталација	
Престанок со работа	

Фабриката за преработка на глина и други суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО Крива Паланка поседува Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. Уп 29-483 од 09.11.2015 година) и ова Барање се поднесува за обнова на истата.

I.2. Орган надлежен за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола

Име на едницата на локалната самоуправа	Општина Крива Паланка
Адреса	Ул.„Св. Јоаким Осоговски“ бр. 175 Крива Паланка
Телефон	031-375-035

[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористувањето на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи и мапи (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграмин постапките за работа).

Фабриката за преработка на глина и други суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО Крива Паланка, лоцирана е во индустриската зона (N – 42°11`30,65`` и E – 22°18`27,04``) јужно од градот Крива Паланка, и тоа на растојание од околу 2 км од центарот на градот. Од источната страна, односно влезната страна се наоѓа Автоперална и магистралниот пат М2 Скопје – Крива Паланка. Од северната страна фабриката граничи со Центар за возила Крива Паланка, од западната страна на оддалеченост од околу 300 метри се протега Крива Река, додека од јужната страна на оддалеченост од 50 метри објектот граничи со индивидуални куќи.

Фабриката за преработка на глина и други суровини е организиран на плац со површина од 7.248 м^2. Просторот е осветлен и ограден.

II.1. Технолошка шема на процесто на работа на инсталацијата

II.2. Опис на погонот за преработка на глина

Фабриката за преработка на глина и други суровини е организиран на плац со површина од 7.248 м^2. Просторот е осветлен и ограден.

Во кругот на инсталацијата покрај погонот се наоѓаат помошен магацин за готови производи и машинска работилница. Во дворното место лоциран е резервоар за мазут со капацитет од 10 тони и истиот е обезбеден со танквана со што е исклучена можноста за евентуално истекување на мазут во почвата. Исто така, во дворот на инсталацијата има вкопан резервоар за нафта со капацитет од 50 тони и истиот се користи повремено. Бентонитот се складира во простор во дворот определен за таа намена и истиот е покриен. Останатите суровини кои се користат за производство се складираат во покриен склад.

Пристапниот пат се наоѓа од источната, односно влезната страна на инсталацијата и ширината на истиот овозможува пристап и движење на лесни возила и тешки товарни возила.

За спроведување на производствениот процес се користи следната мобилна механизација:

- Два дизел вилушкари;
- Еден камион кипер;

- Една машина за товарање;

Енергетски постројки и инсталации

Снабдувањето со санитарна вода и вода за пиење се врши преку градскиот водовод.

Снабдувањето со електрична енергија се врши од мрежата на ЕВН.

За загревање на тунелската ротациона печка се користи мазут кој се складира во резервоар од 10 тони, на кој има инсталирано пумпа за дотур во дневен резервоар од 3 тони, кој е во непосредна близина на горилникиот. Исто така, во дворот на инсталацијата има вкопан резервоар за нафта со капацитет од 50 тони и истиот се користи повремено.

II.3. Технолошки постапки на погонот за преработка на глина

Производствениот процес во Фабриката за преработка на глина и други суровини се одвива во две технолошки линии:

- **Технолошка линија** за изработка на огноотпорни заптивни тули; и
- **Технолошка линија** за преработка на глина и други суровини.

Технолошките линии се инсталирани една до друга во една работна просторија.

Технолошка линија за производство на готов производ – огноотпорни тули за заптивање е со проектиран капацитет од 3 т/час. Огноотпорните тули за заптивање не се печат туку само механички се обработуваат. За добивање на овој производ се користат следниве основни суровини:

- Бентонит.....15%;
- Песок.....60%;
- Меласа.....15%;
- Мазут.....10%.

Суровините за производство (бентонит, песок и меласа) се складираат на плацот од инсталацијата на простор одреден за складирање. Дотурот на суровините се врши со камион – кипер и со цистерна.

Бентонитот кој се користи во производството на огноотпорни тули се складира во складишен простор во дворот на инсталацијата и истиот се додава во електронска вага преку транспортна вреќа. Оваа суровина се набавува согласно Дозвола за експлоатација

на минерална суровина – глина на локалитет „Крива Круша“, општина Ранковце, како и согласно Дозвола за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина на локалитет „Ранковце“, општина Ранковце, двете издадени од Министерството за економија. Во прилог се дадени дозволите за експлоатација.

Песокот се складира во складишен простор во дворот на инсталацијата и истиот се додава во електронска вага преку транспортна вреќа. Песокот се набавува од Република Србија.

Меласата се складира во вкопана ПВЦ цистерна од 40 тони и се преточува во ПВЦ цистерна од 1 тон од која се полни дневниот резервоар за меласа кој е 2 тони и преку истиот се носи до електронска вага. Меласата се набавува од Република Србија.

Мазутот се складира во цистерна од 10 тони, обезбедан со танквана. На цистерната има инсталирано пумпа за дотур во дневен резервоар од 1 тони, а потоа се испушта во електронска вага.

Откако ќе се наполни со доза од 250 кг, електронската вага материјалите ги дозира во електрична мешалка во која се мешаат суровините, а потоа со транспортна лента се транспортираат во ваакум пресата која материјалот сеуште го меша и го прави во форма на тула и потоа секоја тула посебно се пакува во најлон ќеса од 5 кг. Потоа тулите се пакуваат во најлонска вреќа од 20 килограми. Овие вреќи се ставаат на палета од 1000 до 1200 килограми и се обвиткуваат со стреч фолија.



Сл.1 . Мелница за мокро мелење на глина и транспортни траки

Сл. 2 . Огноотпорни заптивни тули

Технолошката линија за преработка на глина и други суровини се користи за производство на ситно дробен бентонит со проектиран капацитет од од 15.000 тони/год. Горенаведените производи се со димензии ос 0-20μ и 20-100μ и имаат широка примена. За добивање на овие производи се скористат следниве основи суровини:

- Бентонит.....15.000 т/год.;
- Нафта (по потреба).....80-120 л/час;
- Мазут.....80-120 л/час.

Бентонитот се складира на просторот предвиден за складирање на истиот од каде машински се става на прифатен кош од додавачот и се врши дозирање. Од *додавачот* (поз. 1) со капацитет од 6 т/час, материјалот паѓа на *транспортна лента* (поз. 2) на која е поставен *магнетен сепаратор* (поз. 3) и се транспортира во *мелница на мокро мелење и дробење - колергам* (поз. 4). Измелениот и издробен материјал со *транспортна лента* со транспортна лента (поз. 5 и поз. 6) се носи во *валчеста дробилка* (поз. 7), каде се врши дополнително дробење и хомогенизирање. Потоа преку три *транспортни ленти* (поз. 8, поз.9 и поз.11) се транспортира во *ротациона тунелска сушара* (поз. 14). За ротирање на сушарата се користи електромотор со моќност 12.5 kW. За загревање на

сушарата се користи нафта или мазут. Нафтата од резервоар лоциран во близина на сушарата се дозира на бренерот од сушарата – WEISHAUPT тип LJZ-27 (поз. 12) додека мазутот се транспортира од 10 тонски резервоар во дневен резорвоар од 3 тони кој се наоѓа во непосредна близина на горилникот на сушарата.

Сл. 3 . Ротациона тунелска сушара

За сушарата со капацитет од 1 – 5 т/час во перспектива се планира да се користи плин. Сушарата е снабдена со *вентилатор на влез* (поз. 13) и *вентилатор на излез* (поз. 16). Сушарата има вграде *систем за отпрашување* кој се состои од *два циклони* (поз. 15). Материјалот од сушарата се сепарира и зависно од тежината и до сса 99% паѓа и се транспортира со полжаст транспортер и кофичест елеватор во прифатен кош – *бункер за бентонит* (поз. 18).

Останатата количина од прашкаст материјал од сса 1% се сепарира со поминување низ два циклони. Одвоениот материјал од циклоните преку полжаст транспортер се внесува

во прифатен кош – *бункер за бентонит* (поз. 18). Со помош на *вентилаторот на излез* (поз. 16), пречистениот воздух од циклоните преку *оџак* (поз. 17) се испушта во атмосферата.

Од бункерот за бентонит, материјалот преку *полжавест транспортер* (поз. 20) се транспортира во *дробилката – чекичар* (поз. 21) и со капацитет од 1 – 3 т/час, каде материјалот се ситни. Материјалот од дробилката со гранулација 1 – 3 мм со полжавест транспортер се транспортира во *мелница со челични кугли* (поз. 22) каде се ситни до микронска гранулација. Потоа микронската прашина со гранулација до 200μ се транспортира во *воздушен статички сепаратор* (поз. 23) каде се врши квалификација на материјалот. Покрупниот материјал од 100μ преку *полжавести транспортери* (поз. 24 и поз. 25) се враќа на домелување во *кугличната мелница* (поз. 22) од каде повторно се враќа во сепараторот. Материјалот со гранулација од 20 – 100μ, односно готовиот производ се транспортира во *циклон* (поз.26). Во циклонот 90% од материјалот се сепарира – паѓа на полжавест транспортер и се транспортира во *силос за готови производи* (поз. 30). Останатите 10% материјал со гранулација од 0 – 20μ, се сепарираат во комора за отпрашување, односно во *врекест филтер* (поз. 28) со капацитет од 20.000 $м^3$. Филтерот се состои од 144 филтер вреќи за зафаќање на прашкастиот материјал. Овој материјал исто преку дозатори и полжавестиот транспортер и двокрак пренасочувач се транспортира во силос за готов производ.

Сл. 4 . Систем за отпрашување со врекест филтер

Од силосите материјалот оди во машина за пакување со вага (поз. 32) каде се полни во вреќи од 20 – 40 кг. Вреќест филтер за отстранување на прашината во тек на пакувањето поставен е и кај машината за пакување.

Сл. 5 . Машина за пакување со вага

Покрај прашината при технолошкиот процес на преработка на глина и други суровини се јавува и емисија на :

- гасови од согорување на нафта и мазут кои како гориво се користат за загревање на сушарата. Овие гасови преку оџак со циклон и филтер се испуштаат во атмосферата; и
- бучава.

Системот за отпрашување во првата технолошка линија за производство на огноотпорни тули за заптивање и во втората технлошка линија за производство на ситно дробен бентонит со димензии 0 – 20μ и 20 - 100μ, за отстранување на прашината во производниот процес има вграден систем на воздушно отпрашување. Истото се состои од два циклонски системи и три системи на вреќасти филтри за отпрашување, вентилатори и *компресор за тресење на филтер вреќи тип АТЛАС КОПКО* (поз. 34).

Вреќестите филтри се состојат од комори за поставување на вреќите и се поврзани со електро вентили кои во одредени временски интервали на принцип на удар (со компримиран воздух) вршат истресување на слепените честички врз филтер вреќите.

Сл. 6 . и Сл.7. Арматура и обвивка за филтер вреќи

За тресење на вреќите се користи компромитиран воздух под притисок од 8,5 бари од компресорот, тип АТЛАС КОПКО, со капацитет 20 м^3 (поз. 34). Се користи и ***<u>дувалка</u>*** со капацитет 11,5 м^3/мин и снага од 15 kW (поз. 35).



Сл.8. Шематски приказ на технолошко производство и инсталирана опрема

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Треба да се наведат детали за структурата на управувањето со инсталацијата. Приложете организациони шеми, како и сите важечки изјави на политики за управување со животната средина, вклучувајќи ја и тековната оценка за состојбата со животната средина. Да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина. Наведете дали постои сертифициран систем за управување со животната средина за инсталацијата. Доколку постои сертифициран систем за управување со животната средина за инсталацијата, наведете за кои стандард станува збор и вклучете копија од сертификатот за акредитација.

Фабриката за преработка на глина и други суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО Крива Паланка е во приватна сопственост. Вработени се вкупно 4 извршители. Работи според организациона раководна шема и во согласност со Правилникот за систематизација на работните места. Во инсталацијата се работи во една смена (08 – 16 часот).

За обука на вработените за безбедност и здравје при работа, одговара управителот на производство.

Воедно за навремено оневозможување и одстранување на сите нарушувања како во работната, така и во животната средина преку:

- обука и оспособување на работниците за внимателна и безбедна работа со опремата и заштитните мерки при манипулација со истите и суровните кои се употребуваат;
- навремена контрола и одржување на опремата во добра работна функција и примена на лична заштита и заштитни средства.

Одговорно лице за заштита на животната средина е **Горан Стојковски – сопственик на погонот.**

Одговорното лице има задача да врши:

- контрола и мониторинг на отпадот кој што се создава во инсталацијата и да комуницира со овластените постапувачи со отпад;
- да ги контролира влијанијата кои ги има производството врз животната средина, како и да ги организира планираните мерења во соработка со акредитирани лаборатории;
- спроведување на обука на вработените во погонот;

- подготовка на извештаите за животна средина;
- комуникација со надлежните органи од областа на животната средина;
- известување на надлежните органи при хаварија во објектот, при евентуални истекувања и при било каква предизвикана штета од страна на инсталацијата.

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како и производите и меѓупроизводите.

Суровини кои се користат во производствениот процес на Фабриката за преработка на глина и други суровини се: бентонитска глина, песок, меласа и истите се складираат на кругот на инсталацијата во простори определни за складирање на истите.

Глините спаѓаат во групата на пластични силикатни суровини. Настанале со површинско, механичко и хемиско разградување на алумосиликатни, вулкански и пост вулкаснки карпи кои содржат фелдспати. Се наоѓаат на примарни и секундарни наоѓалишта. Глинестите продукти настанати со разложување на карпите од првобитните наоѓалишта се носат главно со вода. Лесните и многу фини глинести честички се однесуваат со водата додека покрупните како на пример кварцните честички се одвојуваат со седиментација на транспортниот пат. Така составот на глините не зависи само од видот на првобитната карпеста маса, условите под кои доаѓа до распаѓање, степенот на распаѓање туку и од должината на странспортниот пат. Главно застапени компоненти во глините се кварц, фелдспат, лискуни, новоформирани минерали (пирит, карбонат, биогени мешавини и аморфни составни делови). Со ова се објаснува нивната различност во однос на хемиските и физичките својства, а со тоа и различниот квалитет на глинестиот материјал и класифицирањето како огноотпорен, порцелански, керамички или глини за изработка на тули.

Хидратираните алумосиликатни минерали од глините се со слоеста структура изградена од силициум кислородни тетраедри кои преку кислородните јони се поврзуваат со јоните од алуминиум или хидроксилна група од октадскиот слој. Меѓу ваквите слоести пакетчиња кои завршуваат со кислородни атоми лесно продира водата и се овозможува бубрење и диспрегирање на глините во присуство на вода. Од технолошка гледна точка глините се такви хидратирани алуминиум силикатни смеси кај кои со додавање вода се зголемува пластичноста. Пластичноста претставува способност на глината при мешање со вода да може да се образува тесто кое може да се формира во сакана форма. Под пластичност се подразбира повеќе особини на глината како што се способност да прима вода, да се

обликува да се врзува. Природната пластичност на глините зависи од минеролошкиот состав и гранулацијата и може:

- да се зголеми со мелење – диспергирање, отстранување на непластични примеси и гасната фаза со додаток на колоидни, адсорпциони, врзивни материи итн.;
- да се намали со додаток на поснители како кварцен песок, помалку пластични глини, шамот итн.

Пластичните глини се користат како врзивно средство на неоластични материјали. Глините имаат широка примена во ќерамичката, градежната и други индустриски гранки. Во зависност од тоа кои глинени минерали се главни состојки на глината разликуваме: каолински глини, монтморилонитски глини и хидролискунски – илитски глини.

Песокот спаѓа во групата на неопластични силикатни суровини. Представува ситно зрнест кварц со кристална форма на SiO_2 и често е со жолто обојување од присуството на на железни соединенија. Се користи како поснител во керамичката индустрија. Со своите неопластични особини ги намалува пластичните својства на глините и ја зголемува порозноста и го потпомага сушењето.

Меласата е густа течност со темножолта до темноцрна боја со сладникав до благ вкус. Органска меласа претставува отпад – нуз производ од производство на шеќер од шеќерна трска, шеќерна репа и цитрус. Спрема трите примарни нивоа на добивање на шеќерната меласа има три вида на меласа и тоа примарна, секундарна и темноцрна.

Екстрактот од кршење или гмечење на шеќерните трски се вари и обработува во екстракт од шеќер. Резултатот на првото варење и обработка е примарна меласа – има најголема содржина на шеќер. Резултат на второто вриење е секундарна меласа. Секундарната меласа е потемна по боја и има малку погорчлив вкус. Темноцрната меласа е од третото варење и содржи најмалку шеќер.

Меласата е важна суровина за производство на шпиритус и квасец, служи како добиточна храна, гозголемува врзивното својство на глините, односно се користи како додаток при преработка на глина.

Нафта и мазут се користат како гориво за загревање на сушарата и се со следниве карактеристики:

Карактеристики на нафта		
специфична волуменска тежина (кг/л^3)		0,895
Точка на топење		65
Температура (°C)	Самозапалување	220-230
	Мрзнење	-10
	Вриење	155-390
огревна моќ (kkal/kg)		10.700
пепел (max %)		0,4
реактивност		фактор 0
запаливост		фактор 1
токсичност		класификација 1
вода (max %)		1,5

Карактеристики на мазут	
Кинематска вискозност при 50°C	360 mm^2/s
Кинематска вискозност при 100°C	31-32 mm^2/s
Пепел (%)	0,1
Кокс (%)	9,4
Сулфур (%)	1
Густина при 15 °C	0,95 gr/ml
Вода помалку од %	1
Седимент. екстракт помалку од %	0,2
Калорична вредност (KKal/KGMJ)	40,76
Калорична вредност (KKal/KG)	9850-10000

Масла и масти се користат за трансмисија. При набавка се води грижа да се еколошки – биоразградливи, минерални масла и масти. Од масла се користат :

- Масло TOTAL 9000 5-40
- REPSOL MOLIBGRAS EP-2
- Масло ХИДРОЛ 46 или 68

Електрична енергија се користи како погонска енергија и за загревање во грејна сезона. Електричната енергија се набавува од електричната мрежа од ЕВН.

Табела IV.1.1. Детали за суровини, меѓупроизводи, производи поврзани со процестите, а кои се употребуваат или создаваат на локацијата

Реф. број или шифра	**Материјал/ Супстанција [4]**	**CAS [5] број**	**Категорија на опасност[6]**	**Моментално складирана количина (тони)**	**Годишна употреба (тони)**	**R и S Фрази[7]**
ПРОИЗВОДИ						
1	Огноотпорни тули за заптивање	/	/	15 т	1.000 т	/
2	Ситно дробен бентонит 0-20μ	1302-78-9	/	40т	12.000 т	/
	Ситно дробен бентонит 20-100μ	1302-78-9	/	/	12.000 т	/
СУРОВИНИ						
3	Бентонитска глина	1302-78-9	/	600 т	12.000 т	/
4	Кварцен песок	14808-60-7	/	20 т	500 т	/
5	Мазут	/	Класа 3	5 т	12.000 т	R10 S15 R18 S16 S17
6	Нафта	64742-03-6	Класа 2	/	30-50л/час	R45 S 53-45
7	Меласа	/	/	12 т	200 т	/
8	Маст	*	/	/	200 кг	/
9	Масла за: - трансмисија, - хидраулика, - моторно	*	/	/	200 кг 500 кг 300 кг	/
10	Електрична енергија	/	/	/	6.000 KW	/
11	Вода	7732-18-5	/	/	130 м^2	/

[4]Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција
[5]Според Анекс 2 од додатокот на упатството
[6]Според Анекс 2 од додатокот на упатството
[7]Chemical Abstract Service

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

Од работата на инсталацијата, отпадот што се продуцира главно е:

- Комунален отпад, кој се собира во канти за отпад и истиот се превзема од страна на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка. Во прилог се дадени Договор за транспортирање и депонирање на комунален и комерцијален отпад, склучен со ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.

- Отпадно железо, акумулаторски батерии, хартија, пластика. Овој вид на отпад го превзема овластен постапувач со ваков вид на отпад. Во прилог е даден Договор за деловна соработка со ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ Охрид.

- Стари гуми од механизацијата. Овој вид на отпад го превзема овластен постапувач со ваков вид на отпад. Во прилог е даден Договор за деловна соработка со ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ Охрид.

- Отпадни масла. Овој вид на отпад го превзема овластен постапувач со ваков вид на отпад. Во прилог е даден Договор за обезбедување услуги во заштита на животната средина со Друштвото за заштита на животна средина „ЕКО - ТЕАМ“ ДОО Скопје.

- Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанции, како и апсорбенти, крпи за бришење, материјали од филтри и заштитна облека загадени со опасни супстанци. Во прилог е даден Договор за обезбедување услуги во заштита на животната средина со Друштвото за заштита на животна средина „ЕКО - ТЕАМ“ ДОО Скопје.

- Отпадни води. Како отпадна вода се јавува санитарната и фекалната отпадна вода и истата се испушта во градската канализациона мрежа. Договор за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, склучен со ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.

Постапувањето со отпадот и количините на отпад се дадени во следната табела:

Реф бр.	Вид на отпад/ материјал	Број од Европскиот каталога на отпад	Количина		Преработка/ одложување	Метод и локација на одложување
			Количина по месец (тони)	Годишна количина (тони)		
1	Комунален отпад	20 03 01	4 $м^3$	48 $м^3$	Се собира во канти	Договор со ЈП „Комуналец“
2	Пакување од хартија и пакување од пластика	15 01 01 15 01 02	10 кг	120 кг	Се собира во канти	Договор со ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ Охрид
3	Отпадни масла од механизација	13 02 07	/	100 л	Се собира во посебни буриња	ДЗЖС„ЕКО – ТЕАМ“ ДОО Скопје
4	Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанции, како и апсорбенти, крпи за бришење, материјали од филтри и заштитна облека загадени со опасни супстанци	15 01 10* 15 02 02*	/	20 кг	Се собира во посебни буриња	ДЗЖС„ЕКО – ТЕАМ“ ДОО Скопје
5	Отпадно железо	16 01 99	/	1 т	Се чуваат во дворот на фабриката до превземање	Договор со ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ Охрид
6	Гуми од механизација	16 01 03		20 гуми	Се чуваат во дворот на фабриката до превземање	Договор со ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ Охрид
7	Акумулатори	16 06 01* 16 06 02*	/	3 акумулатори	Се чуваат во затворен простор до превземање	Договор со ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ Охрид

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.
Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пример складирање на отворено.
Операторот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.

Емисиите во атмосферата кои се емитираат од Фабриката за преработка на глина и други суровини, може да ги категоризираме како:

- Точкасти емисии;
- Фугитивни и потенцијални емисии.

Точкасти емисии претставуваат два оџака и тоа:

- А1 – Емисиона точка од мелење – оџак (бр. 29) со координати N (42°11`30,4``) и E (22°18`26,1``);

- А2 – Емисиона точка од сушење – оџак (бр. 17) со координати N (42°11`31,1``) и E (22°18`27,0``).



Извор на емисија	**Детали за емисијата**				**Намалување на загадувањето**	
Референца/број на оџак	Висина на оџак	Супстанција / материјал	Масен проток (mg/Nm^3)	Проток на воздух (Nm^3/h)	Тип на филтер/ циклон/ окрубер	
A1 – оџак бр.29 N (42°11`30,4``) E (22°18`26,1``)	8 м	-бентонит		5-18000 м^3/час	Циклон и врећест филтер	1 број 250 м^2
A2 – оџак бр. 17 N(42°11`31,1``) E (22°18`27,0``)	6 м	-издувни гасови -бентонит		5-18000 м^3/час	Циклон и врећест филтер	2 броја 180 м^2

Во следната табела се дадени информации за капацитет на котелот, податоци за горивото кое се користи и периодите на работа на погонот.

Капацитет на котелот Производство на пареа: Термален влез:		 кг/час 700-900 KW
Гориво на котелот Тип: јаглен, нафта/LPG/гас, биомаса итн. Максимален капацитет на согорување Содржина на сулфур		 Мазут 80-120 кг/час
NO_x	**69 mg/m^3** при 0°C 3% O_2 (течност или гас), 6% O_2 (цврсто гориво)	
Максимален волумен на емисија		18000 м^2/час
Температура	80°C (мин) 120°C (макс)	
Период на работа	8 ч/ден	1800 ч/год.

Како загадувачки материи кои се продуцираат преку технолошкиот процес при преработка на глина и други суровини се јавуваат:

- емисија на гасови од оџакот на сушарата која користи нафта и мазут (оџак бр. 17 со координати N (42°11`31,1``) и E (22°18`27,0``),
- прашина од производствениот процес (оџак бр. 29 со координати N (42°11`30,4``) и E (22°18`26,1``).

Аерозагадувањето во микролокацијата, односно во зоната на влијание на објектот, се во функција на емисијата на мал дел на прашина која не успеала да се задржи со филтрите,

гасовите од согорувањето на нафтата и мазутот за загревање на сушарата, работата на возилата за дотур на репроматеријали и одвезување на готовите производи.

Фабриката за преработка на глина и други суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО Крива Паланка има извршено мерење на штетни материи во воздухот од ложишта, Извештај бр. 102-Е/21 извршен од страна на „ФАРМАХЕМ“ ДООЕЛ – Лабораторија за животна средина.

Во следната табела се дадени сумирани резултати од изврешените мерења од стационарните извори А1 и А2.

Ред. Бр.	Мерен параметар	Резултати од тестирање	Гранична вредност	Мерна единица
Погон за сушење – ротациона печка, стационарен извор на емисија А2 (N 42°11`31,1`` и Е 22°18`27,0``) Мерење на 02.06.2021 година, во период од 09:16 до 10:32 часот				
1.	Кислород	19,22	-	Vol%
2.	Јаглерод диоксид	1,46	-	Vol%
3.	Јаглерод моноксид	4	-	mg/m^3
4.	Азотни оксиди изразени како NO_2	69	500	mg/m^3
5.	Сулфурен диоксид	137	500	mg/m^3
6.	Прашина	4,9	150	mg/m^3
Погон за мелење, стационарен извор на емисија А1 (N 42°11`31,4`` и Е 22°18`26,1``) Мерење на 02.06.2021 година, во период од 11:44 до 12:14 часот				
1.	Прашина	3,2	150	mg/m^3

Комплетниот Извештај од извршеното мерење на штетни материи во воздухот од ложишта е прикажан во Прилог.

Од измерените вредности на концентрација на емисиони гасови и прашина се гледа дека согласно Правилникот за гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот („Службен весник на РМ“ бр. 141/10 и 223/19) се во рамки на пропишаните гранични вредности на емисија.

Фугитивни емисии

Фугитивните емисии се појавуваат при складирање на суровините за преработка на просторот во кругот на фабриката кој е определен за таа намена. Истите се одреден степен на влажност поради што можноста за појавување на фугитивните емисии е сведена на минимум.

Постои можност за евентуална повремена краткотрајна појава на потенцијални фугитивни емисии при вршење на некои од операциите во погонот при демонтирање и поправка на цевки од отпрашување, при појава на дефекти на инсталираната опрема и сл. Овие емисии се ретки и минимални па сметаме дека не претставуваат закана по животната средина.

Исто така, фугитивни емисии се јавуваат при движење на механизацијата низ локацијата, при утовар и истовар, транспорт на суровини и готови производи.

Во следната табела се дадени резултатите од мерење на $ПМ_{10}$ прашина во амбиентен воздух.

Мерно место	Период на испитување	Концентрација на $ПМ_{10}$
Мерно место АА1 со координати N (42°11`29,6``) и E (22°18`26,1``)	02.06 и 03.06.2021 година	16,5 μg/m^3
24 часовна гранична вредност за концентрација на $ПМ_{10}$ честички во амбиентен воздух		50 μg/m^3

Фабриката за преработка на глина и други суровини, има извршено мерење на $ПМ_{10}$ честички во амбиентен воздух, Извештај бр. 102-И/21 извршен од страна на „ФАРМАХЕМ“ ДООЕЛ – Лабораторија за животна средина.

Комплетниот Извештај од извршеното мерење на мерење на $ПМ_{10}$ прашина во амбиентен воздух е прикажан во Прилог.

Од измерените вредности се гледа дека согласно Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини и толеранција за граничните вредности, целни вредности и долгорочни цели („Сл. Весник на РМ“ бр. 50/05) се во рамки на пропишаните гранични вредности на емисија.

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс II од Додатокот на Упатството.
Потребно е да се дадат детали за сите супстанции присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класификација на водите. Треба да се вклучат сите истекувања на површинските води, заедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.

Од технолошкиот процес кој се одвива во погонот нема продукција на отпадни води, односно процесот се одвива со т.н. сува постапка.

Како отпадна вода се појавува водата од санитарните јазли и истата се одведува во градската канализациона мрежа

Параметар	Пред третирање				После третирање				
Име на супстанција	Макс. просек на час (mg/l)	Макс. дневен просек (mg/l)	Kg/ден	Kg/год	Макс. просек на час (mg/l)	Макс. дневен просек (mg/l)	Вкупно Kg/ден	Вкупно Kg/ден	Идентитет на реципиент (6N;6E) [8]
Табелата не е применлива									

Точка на мониторинг/Референции од Националниот координатен систем

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитички опсег	Метода/техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
pH	**Табелата не е применлива**					
Температура						
Електрична проводливост µS						
Алуминиумски азот NH_4-N						
ХПК						
БПК						
Растворен кислород (O_2)						
Калциум (Ca)						
Кадиум (Cd)						
Хром (Cr)						
Хлор (Cl)						
Бакар (Cu)						
Железо (Fe)						
Олово (Pb)						
Магнезиум (Mg)						
Манган (Mn)						
Жива (Hg)						

[8]Согласно Националниот координатен систем

Точка на мониторинг/Референции од Националниот координатен систем

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитички опсег	Метода/техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
Никел (Ni)	**Табелата не е применлива**					
Калиум (K)						
Натриум (Na)						
Сулфат (SO_4)						
Цинк (Zn)						
Вкупна базичност (како $CaCO_3$)						
Вкупен органски јаглерод (TOC)						
Вкупен оксидиран азот (TON)						
Нитрити (NO_2)						
Фекални колиформни бактерии во раствор (/100 ml)						
Вкупно бактерии во раствор (/100 ml)						
Фосфати (PO_4)						

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата.
Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историското и моменталното загадување на самата локација или подземно загадување.

Од работата на Фабриката за преработка на глина и други суровини директни емисии во почвите не постојат. Исто така не постои опасност за загадување на почвата и подземните води бидејќи се работи за преработка на природен материјал – бентонит. Подот на производствениот погон е од бетонска кошулица премачкана со водоотпорен премаз за заштита од евентуалните истекувања на нафта, мазут или машинско масло.

Загадувањето на почвата и подземните води може да настане при некое неконтролирано истекување на нафтени деривати од резервоарите, опремата и механизацијата, како и од евентуално истекување на санитарните отпадни и со несоодветно управување со отпадот.

Од тие причини резервоарите за нафта и мазут се обезбедени со танквани кои имаат капацитет да ги прифатат неконтролирано истечените количини на нафта и мазут.

Опасниот отпад се чува во садови кои се поставени во затворени простории, без можност да бидат изложени на надворешни влијанија.

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, пепел, мил), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. цревно испуштање, резервоари).

Во Фабриката за преработка на глина и други суровини не се вршат земјоделски и фармерски активности.

Идентитет на површината	**Табелата не е применлива**
Вкупна површина (ha)	
Корисна површина (ha)	
Култура	
Побарувачка на фосфор (kg P/ha)	
Количество на мил расфрлена на самата фарма	
Проценето количество фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha)	
Волумен што треба да се аплицира (m^3/ha)	
Аплициран фосфор (kg P/ha)	
Вкупно количество внесена мил (m^3)	

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласност со локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ/само преку ден/повремено).
Обележете ги референтните точки на локациската мапа на опкружувањето.
Наведете ги изворите на вибрации и на нејонизирачко зрачење (топлина или светлина).

Бучава

Бучавата за време на производствениот процес, главно се јавува како резултат на машините кои се инсталирани во погонот и тоа:

- транспортни траки;
- сушара;
- дробилка;
- млин;
- компресор;
- вентилатори;
- филтри.

Исто така, бучава создаваат и товарните возила кои што вршат дотур на репроматеријали и вршат транспорт на готовите производи.
Табеларниот приказ ни дава јасен преглед за нивото на бучавата која се продуцира од погонот.

Извор на емисија Референца/бр.	Извор/ Уред	Итензитет на бучава dB на означена оддалеченост	Периоди на емисија (број на часови; претпладне/попладне)
Б1	Млин	71-75	8 часа дневно (08-16 часот)
Б2	Транспортни ленти	66-70	8 часа дневно (08-16 часот)
Б3	Дробилка	71-74	8 часа дневно (08-16 часот)
Б4	Вентилатор од систем за отпрашување	70-74	8 часа дневно (08-16 часот)
Б5	Компресор	73-75	8 часа дневно (08-16 часот)

Извршени се мерења согласно Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 151/21) и Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 147/08).

Гранични вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори.

Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучавата	**Ниво на бучава изразена во dBA**		
	L_d	**L_v**	**L_n**
Подрачје од прв степен	50	50	40
Подрачје од втор степен	55	55	45
Подрачје од трет степен	60	60	55
Подрачје од четврт степен	70	70	60

Гранични вредности за допочнителниот индикатор LAmax, кои не треба да бидат надминати со цел да се спречат несакани ефекти по здравјето кај изложената популација.

Видови на простории	**Ниво на бучава изразена во dBA**	
	LAmax ден	**LAmax ноќе**
Станбена зона (надвор)	/	60
Простории во станбени објекти, простории за одмор на деца, спални соби во домови за стари лица и пензионери, хотелски соби (внатре)	/	45
Болници и други стационарни објекти за лекување	/	45
Индустриски, комерцијални, трговски и сообраќајни реони	110	110
Јавни собири, фестивали, концерти, дискотеки	110	110

Мерењата се извршени од страна на „ФАРМАХЕМ“ ДООЕЛ – Лабораторија за животна средина, Извештај бр. 102-Б/21.

Во следната табела се прикажани добиените резултати од извршените мерења.

Мерно место и извори на бучава	**Мерен индикатор dB (A)**	
	L_d	**L_{Amax}**
Мерно место NB1 (N:42°11`30,3`` E: 22°18`28,7``) **Главен извор на бучава:** бучавата од вентилаторот на врќестиот филтер за сушара, производствен погон (сушара), механизација и транспортни ленти	53,7	78,4
Мерно место NB2 (N:42°11`31,4`` E: 22°18`28,0``) **Главен извор на бучава:** бучавата од вентилаторот на врќестиот филтер за сушара	55,7	82,3
Мерно место NB3 (N:42°11`29,6`` E: 22°18`26,1``) **Главен извор на бучава:** бучавата од производствен погон (дел на мелење)	45,5	64,7
Мерно место NB4 (N:42°11`28,9`` E: 22°18`28,3``) **Главен извор на бучава:** бучавата од производствен погон (мелење и сушење)	46,4	74,7
Мерно место NB5 (N:42°11`29,2`` E: 22°18`26,5``) **Главен извор на бучава:** бучавата од механизација и производство (мелење)	51,4	82,4
Мерно место NB6 (N:42°11`28,9`` E: 22°18`27,4``) **Главен извор на бучава:** бучавата од производствен погон (мелење)	46,6	71,2
Мерно место NB7 (N:42°11`30,7`` E: 22°18`28,9``) **Главен извор на бучава:** бучавата од вентилаторот на врќестиот филтер за сушара и производствен погон (сушара)	50,9	77,1
Гранична вредност за Ld во подрачје од III степен на заштита од бучава и L_{Amax} во подрачје за индустриски, комерцијални, трговски и сообраќајни реони	**60**	**110**

Доколку се изврши споредба на добиените резултати за ниво на бучава во животната средина од Фабриката за преработка на глина и други минерални суровини, со граничните вредности наведени во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина, за подрачје од III степен на заштита од бучава, може да се заклучи дека нивото на бучава, за сите мерни места е во рамки на пропишаните гранични вредности, како за основниот индикатор за бучава (L_d), така и за дополнителниот индикатор (L_{Amax}).

Комплетниот Извештај од извршеното мерење на бучавата во животната средина е прикажан во Прилог.

Слика 9. Мерни места за ниво на бучава

<u>Вибрации</u>

Инсталираната опрема во погонот е со превземени мерки за амортизација на евентуално појавување на вибрации со што е спречено негативното влијание врз работната и животната средина.

<u>Нејонизирачко зрачење</u>

Не постојат извори на нејонизирачки зрачења во Фабриката за преработка на глина и други минерални суровини.

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

При вршење на технолошкиот процес во Фабриката за преработка на глина и други минерални суровини се јавуваат:

- емисија во амбиентен воздух;
- фугитивна емисија; и
- емисија на бучава.

Емисии од стационарни извори

Емисијата на отпадни гасови и прашина во амбиентниот воздух се продуцира при сушење и мелење на минерални суровини. Овие емисии од производствениот процес се емитираат од два оџака:

- емисија на гасови од оџакот на сушарата која користи нафта и мазут (оџак бр. 17 со координати N (42°11`31,1``) и E (22°18`27,0``), емисиона точка А2;
- прашина од производствениот процес (оџак бр. 29 со координати N (42°11`30,4``) и E (22°18`26,1``), емисиона точка А1.

Мониторингот на емисиите во воздух ќе се спроведува за параметри согласно Правилникот за гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот („Службен весник на РМ“ бр. 141/10 и 223/19). Во следната табела се дадени методите користени при одредување на мерните параметри.

Ред. Бр.	Мерен параметар	Фреквенција на мониторинг	Метода на одредување
1	Сулфур диоксид	Еднаш годишно	ISO 7935 (NDIR)
2	Азотни оксиди		МКС EN 14792 (CLA)
3	Јаглерод моноксид		МКС EN 15058 (NDIR)
4	Кислород		МКС EN 14789 – парамагнетизам
5	Јаглерод диоксид		МКС ISO 12039 – (NDIR)
6	Температура		Упатство на опрема Testo
7	Брзина и проток на струење на гас		МКС ISO 16911-1
8	Прашина		МКС EN 13284-1

Фугитивна емисија

Фугитивните емисии се појавуваат при складирање на суровините за преработка на просторот во кругот на фабриката кој е определен за таа намена. Исто така постои можност за евентуална повремена краткотрајна појава на потенцијални фугитивни емисии при вршење на некои од операциите во погонот при демонтирање и поправка на цевки од отпрашување, при појава на дефекти на инсталираната опрема и сл.

Исто така, фугитивни емисии се јавуваат при движење на механизацијата низ локацијата, при утовар и истовар, транспорт на суровини и готови производи.

Фугитивната емисија се мери на една точка во дворот на погонот со координати N (42°11`29,6``) и E (22°18`26,1``), , емисиона точка АА1.

Во следната табела се дадени методите користени при одредување на мерните параметри.

Ред. Бр.	Мерен параметар	Фреквенција на мониторинг	Метода на одредување
1	$ПМ_{10}$	Еднаш годишно	Гравиметриски, МКС EN 12341:2014 согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018

Емисија на бучава

Мониторингот на бучава ќе се спроведува на 7 (седум) репрезантитивни точки и тоа:

- **Мерно место NB1** (N:42°11`30,3`` E: 22°18`28,7``)
  Главен извор на бучава: бучавата од вентилаторот на врќестиот филтер за сушара, производствен погон (сушара), механизација и транспортни ленти.

- **Мерно место NB2** (N:42°11`31,4`` E: 22°18`28,0``)
  Главен извор на бучава: бучавата од вентилаторот на врќестиот филтер за сушара.

- **Мерно место NB3** (N:42°11`29,6`` E: 22°18`26,1``)
  Главен извор на бучава: бучавата од производствен погон (дел на мелење).

- **Мерно место NB4** (N:42°11`28,9``  E: 22°18`28,3``)

  Главен извор на бучава: бучавата од производствен погон (мелење и сушење).

- **Мерно место NB5** (N:42°11`29,2``  E: 22°18`26,5``)

  Главен извор на бучава: бучавата од механизација и производство (мелење).

- **Мерно место NB6** (N:42°11`28,9``  E: 22°18`27,4``)

  Главен извор на бучава: бучавата од производствен погон (мелење).

- **Мерно место NB7** (N:42°11`30,7``  E: 22°18`28,9``)

  Главен извор на бучава: бучавата од вентилаторот на врќестиот филтер за сушара и производствен погон (сушара).

Ред. Бр.	Мерен параметар	Фреквенција на мониторинг	Метода на одредување
1	Ниво на бучава	Еднаш годишно	ISO 1996:2-2018

XII. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Операторите кои поднесуваат барање за интегрирана еколошка дозвола приложуваат предлог програма за подобрување на работата на инсталацијата и заштита на животната средина.

Фабриката за преработка на глина и други суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО Крива Паланка поседува Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. Уп 29-483 од 09.11.2015 година) и ова Барање се поднесува за обнова на истата.

Имајќи во предвид дека инсталацијата не работеше во периодот од 2016 до 2021 година, активностите кои беа опфатени со Б – интегрирана еколошка дозвола бр. УП 29-483 од 09.11.2015 година, а не беа завршени во предвидените и договрените рокови согласно истата дозвола ќе бидат повторно предложени со поставување на разумен рок за нивно извршување. Исклучок претставува само активноста за набавка на виљушкар на електричен погон, за која активност операторот предлага да не биде опфатена со програмата за подобрување од причина што употребата на машината виљушкар е минимална, односно истата се употребува само при утовар и истовар и самата набавка на електричен виљушкар нема значително да придонесе кон намалување на емисијата на издувни гасови.

Операторот предлага Програмата за подобрување која ќе ги опфати следниве активности:

- Изработка на термофасада од стиропор;
- Набавка и поставување на желатин (прозирни траки) на вратите;
- Редовна контрола на филтрите на оџаците А1 и А2;
- Зазеленување на локацијата;
- Прскање на просторот за складирање на глината и песокот, како и дворната површина на погонот;
- Обновување на договорите склучени со овластени постапувачи со отпад;
- Обновување на дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина.

Активност бр.1. Изработка на термофасада од стиропор.

1. Опис Оваа активност се предвидува со цел подобрување на топлинска и звучна изолација на објектот.			
2. Предвидена дата на почеток на реализација Јуни 2023 година			
3. Предвидена дата на завршување на активноста Септември 2023 година			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализација /			
5. Вредности на емисиите по реализација на активности (Услови) Намалено ниво на бучава емитирано од погонот.			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) Намалена потрошувачка на енергенси за затоплување во зимскиот период.			
7. Мониторинг			
Параметар	**Медиум**	**Метода**	**Зачестеност**
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување). Мерење на бучава – еднаш годишно			
9. Вредност на инвестицијата 300.000 денари			

Активност бр.2. Набавка и поставување на желатин (прозирни траки) на вратите

1. Опис Оваа активност се предвидува со цел подобрување на топлинска и звучна изолација на објектот.			
2. Предвидена дата на почеток на реализација Јуни 2022 година			
3. Предвидена дата на завршување на активноста Септември 2022 година			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализација /			
5. Вредности на емисиите по реализација на активности (Услови) Намалено ниво на бучава емитирано од погонот.			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) Намалена потрошувачка на енергенси за затоплување во зимскиот период.			
7. Мониторинг			
Параметар	**Медиум**	**Метода**	**Зачестеност**
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување). Мерење на бучава – еднаш годишно			
9. Вредност на инвестицијата 60.000 денари			

Активност бр.3. Редовна контрола на филтрите на оџаците А1 I А2

1. Опис Оваа активност се предвидува со цел одржување на концентрациите на издувните гасови во ниво на гранични вредности.			
2. Предвидена дата на почеток на реализација Континуирано			
3. Предвидена дата на завршување на активноста Континуирано			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализација /			
5. Вредности на емисиите по реализација на активности (Услови) Намалено ниво на издувни гасови и прашина од оџаците.			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) /			
7. Мониторинг			
Параметар	**Медиум**	**Метода**	**Зачестеност**
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување). Мерење на емисии во амбиентен воздух – еднаш годишно			
9. Вредност на инвестицијата /			

Активност бр.4. Зазеленување на локацијата

1. Опис Оваа активност се предвидува со цел намалување на фугитивна емисија и бучава во околната средина.			
2. Предвидена дата на почеток на реализација Континуирано			
3. Предвидена дата на завршување на активноста Континуирано			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализација /			
5. Вредности на емисиите по реализација на активности (Услови) Намалено ниво на бучава и прашина во околната средина.			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) /			
7. Мониторинг			
Параметар	**Медиум**	**Метода**	**Зачестеност**
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување). Мерење на бучава – еднаш годишно Мерење на фугитивни емисии – еднаш годишно			
9. Вредност на инвестицијата 50.000 денари			

Активност бр.5. Прскање на просторот за складирање на глината и песокот, како и дворната површина на погонот

1. Опис Оваа активност се предвидува со цел намалување на фугитивната емисија од инсталацијата.			
2. Предвидена дата на почеток на реализација Континуирано			
3. Предвидена дата на завршување на активноста Континуирано			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализација /			
5. Вредности на емисиите по реализација на активности (Услови) Намалено ниво на фугитивна емисија во околната средина.			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) /.			
7. Мониторинг			
Параметар	**Медиум**	**Метода**	**Зачестеност**
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување). Мерење на фугитивни емисии – еднаш годишно			
9. Вредност на инвестицијата /			

Активност бр.6. Обновување на договорите склучени со овластени постапувачи со отпад

10. Опис Оваа активност се предвидува со цел континуирано управување со отпадот создаден во фабриката.			
11. Предвидена дата на почеток на реализација Континуирано			
12. Предвидена дата на завршување на активноста Континуирано			
13. Вредност на емисиите до и за време на реализација /			
14. Вредности на емисиите по реализација на активности (Услови) /			
15. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) /.			
16. Мониторинг			
Параметар	**Медиум**	**Метода**	**Зачестеност**
17. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување). /			
18. Вредност на инвестицијата /			

Активност бр.7. Обновување на дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина.

1. Опис /			
2. Предвидена дата на почеток на реализација Континуирано			
3. Предвидена дата на завршување на активноста Континуирано			
4. Вредност на емисиите до и за време на реализација /			
5. Вредности на емисиите по реализација на активности (Услови) /			
6. Влијание врз ефикасноста (Промени во потрошувачката на енергија, вода и суровини) /.			
7. Мониторинг			
Параметар	**Медиум**	**Метода**	**Зачестеност**
8. Извештаи од мониторингот (Опишете ја содржината на извештајот и предложете фреквенција на известување). /			
9. Вредност на инвестицијата /			

Преглед на реализација на активностите од оперативниот план и финансирањето

Ред. бр.	**Активност**	**Реализација по години**	**Вкупни средства**
1	Изработка на термофасада од стиропор	Јуни 2023 – Септември 2023	300.000 денари
2	Набавка и поставување на желатин (прозирни траки) на вратите	Јуни 2022 – Септември 2022	60.000 денари
3	Редовна контрола на филтрите на оџаците А1 и А2	Континуирано	/
4	Зазеленување на локацијата	Континуирано	50.000 денари
5	Прскање на просторот за складирање на глината и песокот, како и дворната површина на погонот	Континуирано	/
6	Обновување на договорите склучени со овластени постапувачи со отпад	Континуирано	/
7	Обновување на дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина	Континуирано	/
ВКУПНО			**410.000 денари**

XIII. СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

Опиши ги постоечките или предложените мерки, вклучувајќи ги процедурите за итни случаи, со цел намалување на влијанието врз животната средина од емисиите настанати при несреќи или истекување.
Исто така, наведете ги превземените мерки за одговор во итни случаи надвор од работното време, т.е. ноќно време, викенди и празници.
Опишете ги постапките во случај на услови различни о вообичаените, вклучувајќи пуштање на опремата во работа, истекување, дефекти или краткотрајни прекини.

Во досегашното работење на Фабриката за преработка на глина и други суровини нема инцидентни случаи на хаварии. Со оглед на малиот капацитет на произцводство, како и специфичноста на производството, можностите за хаварии од поголеми размери се мали.

Машините, односно мелниците со сепараторкитесе автоматизирани и со вградена заштита со што не може да дојде до било каква повреда. Поради електричниот погон на истите спроведено е заземјување на секоја машина.

Контролата на електричната инсталација, односно запазувањето на мерките за спречување на пожар се една од приоритетните работни задачи на операторот. Погонот поседува противпожарни апарати и добар пристап за противпожарни возила.

На објектот е изведена класична громобранска инсталација.

Резервоаите за мазут и нафта се обезбедени со танквана, во која при евентуално истекување би била опфатена комплетната количина.

Како потенцијални опасности за настанување на хаварии во инсталацијата се идентификувани:

- истекување на течни горива;
- пожар.

Потенцијалната опасност од истекувањето на течните горива е спречена со тоа што резервоарите за течни горива имаат изведено танквани кои ја прифаќаат истечената количина.

При настанување на пожар се пристапува кон:

- пристапување кон гаснење на пожарот со помош на апарати за гаснење пожар;

- информирање на територијалната противпожарна единица преку телефонскиот број 193;
- информирање на брза помош преку телефонскиот број 194;
- исклучување на електричната енергија;
- спречување на проширување на настанатиот пожар;
- обезбедување на евакуација на луѓето и материјалните добра;
- овозможување на непречена интервенција во случај на пожар.

Од страна на лицето одговорно за животна средина треба да се изработи план за делување во случај на хаварија. Истиот претставува оперативен документ со кој треба да се обезбеди максимална заштита на имотот и вработените.

<u>Класификација на пожарите по вид</u>

Класа А. Пожар од дрво, јаглен, текстил, хартија, гума, пластика и слични материи кои горат со пламен и жар. За гаснење најчесто се применува вода.

Класа Б. Во оваа класа спаѓаат пожарите на запаливи течности кои не се мешаат со вода. Такви течности се сите деривати на нафта, разни растворувачи, лакови, масти и сл. Овие категории согоруваат само со пламен. Пареите и гасовите на овие запаливи течности, во смеса со воздухот можат да согорат моментално со експлозија. За гаснење се применува ПП апарат со пена, прав или CO_2.

Класа Ц. Во оваа класа спаѓаат пожарите на горливите гасови, метан, пропан бутан, ацетилен и др. Согоруваат само со пламен и моментално со експлозија. Интензитетот на горењето го достигнува максимумот веднаш по палењето. За гаснење најчесто се применува ПП апарат со прав или CO_2.

Класа Д. Во оваа класа спаѓаат пожарите на лесни метали како што се алуминиум, магнезиум и нивните легури. За гаснење се применуваат ПП апарати со прав и песок.

Класа Е. Во оваа класа спаѓаат сите пожари во класите А, Б, Ц и Д кога се под висок напон на електрична енергија.

XIV. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Опиши ги постоечките или предложените мерки за намалување на влијанието врз животната средина по делумен или целосен престанок на активноста, вклучувајќи отстранување на сите штетни супстанции.

Инсталацијата е во работна функција и поседува план за работа и развој во иднина. Производите кои се произведуваат во фабриката имаат широка примена.

При евентуален престанок со работа се предвидува да се превземат следниве активности:

- Привремените залихи од суровини и готови производи би се продале. Во принцип се работи за природни материјали кои не претставуваат опасност по животната средина. Во инсталацијата не заостануваат големи количини на суровини и производи. Истите се набавуваат и произведуваат по конкретен налог, а не по планирано годишно ниво на потрошувачка или производство.

- Залихите од мазут и нафта кои ќе останат при евентуален престанок со работа ќе бидат отстранети или рециклирани преку соодветни овластени фирми.

- Секој вид на отпад кој што ќе се остане во инсталацијата по престанок со работа ќе биде превземен од овластен постапувач со таков вид на отпад.

- Опремата која се користи во погонот ќе биде демонтирана и селектирана на употреблива и неупотреблива. Неупотребливата опрема ќе биде продадена на овластени постапувачи со на отпад, додека употребливата опрема ќе биде складирана до нејзина реупотреба или продажба. Складирањето ќе биде извршено во затворен и сув простор, без можност за атмосферско влијание.

- Локацијата и објектите ќе бидат оставени во безбедна состојба.

- Доколку дојде до престанок со работа на инсталацијата, објектите можат да бидат пренаменети за друга дејност.

XV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

На ова место треба да се вметне преглед на целокупното барање без технички детали. Прегледот треба да ги идентификува сите позначајни влијанија, врз животната средина поврзани со изведувањето на активноста/активностите, да ги опише постоечките или предложените мерки за намалување на влијанијата. Овој опис, исто така, треба да ги посочи и нормалните оперативни часови и денови во неделата на посочената активност.

Фабриката за преработка на глина и други суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО Крива Паланка поседува Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. Уп 29-483 од 09.11.2015 година) и со ова Барање се врши обнова на истата.

Фабриката за преработка на глина и други суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО Крива Паланка, лоцирана е во индустриската зона (N – 42°11`30,65`` и E – 22°18`27,04``) јужно од градот Крива Паланка, и тоа на растојание од околу 2 км од центарот на градот. Од источната страна, односно влезната страна се наоѓа Автоперална и магистралниот пат М2 Скопје – Крива Паланка. Од северната страна фабриката граничи со Центар за возила Крива Паланка, од западната страна на оддалеченост од околу 300 метри се протега Крива Река, додека од јужната страна на оддалеченост од 50 метри објектот граничи со индивидуални куќи.

Фабриката за преработка на глина и други суровини е организиран на плац со површина од 7.248 м^2. Просторот е осветлен и ограден.

Во кругот на инсталацијата покрај погонот се наоѓаат помошен магацин за готови производи и машинска работилница. Во дворното место лоциран е резервоар за мазут со капацитет од 10 тони и истиот е обезбеден со танквана со што е исклучена можноста за евентуално истекување на мазут во почвата. Бентонитот се складира во простор во дворот определен за таа намена и истиот е покриен. Останатите суровини кои се користат за производство се складираат во покриен склад.

Производствениот процес во Фабриката за преработка на глина и други суровини се одвива во две технолошки линии:

- Технолошка линија за изработка на огноотпорни заптивни тули; и
- Технолошка линија за преработка на глина и други суровини.

Технолошките линии се инсталирани една до друга во една работна просторија.

Технолошка линија за производство на готов производ – огноотпорни тули за заптивање е со проектиран капацитет од 3 т/час. Огноотпорните тули за заптивање не се печат туку механички. За добивање на овој производ се користат следниве основни суровини:

- Бентонит.....15%;
- Песок.....60%;
- Меласа.....15%;
- Мазут.....10%.

Технолошката линија за преработка на глина и други суровини се користи за производство на ситно дробен бентонит со проектиран капацитет од од 15.000 тони/год. Горенаведените производи се со димензии ос 0-20μ и 20-100μ и имаат широка примена. За добивање на овие производи се скористат следниве основи суровини:

- Бентонит.....15.000 т/год.;
- Нафта (по потреба).....80-120 л/час;
- Мазут.....80-120 л/час.

Од работата на инсталацијата се продуцираат следниве видови на отпад:

- Комунален отпад, кој главно содржи амбалажа од прехрамбени производи од вработените во фабриката, како и хартија, пластика и сл. Овој отпад се собира во канти за отпад и истиот се превзема од страна на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.
- Отпадно железо и акумулаторски батерии. Овој вид на отпад го превзема овластен постапувач со ваков вид на отпад.
- Стари гуми од механизацијата. Овој вид на отпад го превзема овластен постапувач со ваков вид на отпад.
- Отпадни масла. Овој вид на отпад го превзема овластен постапувач со ваков вид на отпад.
- Отпадни води. Како отпадна вода се јавува санитарната и фекалната отпадна вода и истата се испушта во градската канализациона мрежа.

Емисиите во атмосферата кои се емитираат од Фабриката за преработка на глина и други суровини, може да ги категоризираме како:

- Точкасти емисии;
- Фугитивни и потенцијални емисии.

Аерозагадувањето во микролокацијата, односно во зоната на влијание на објектот, се во функција на емисијата на мал дел на прашина која не успеала да се задржи со филтрите, гасовите од согорувањето на нафтата и мазутот за загревање на сушарата, работата на агрегатите на возилата за дотур на репроматеријали и одвезување на готовите производи.

Фугитивните емисии се појавуваат при складирање на суровините за преработка на просторот во кругот на фабриката кој е определен за таа намена. Истите се одреден степен на влажност поради што можноста за појавување на фугитивните емисии е сведена на минимум.

Постои можност за евентуална повремена краткотрајна појава на потенцијални фугитивни емисии при вршење на некои од операциите во погонот при демонтирање и поправка на цевки од отпрашување, при појава на дефекти на инсталираната опрема и сл. Овие емисии се ретки и минимални па сметаме дека не претставуваат закана по животната средина.

Емисии на отпадни води во површински води и канализација не постојат.

Загадувањето на почвата и подземните води може да настане при некое неконтролирано истекување на нафтени деривати од резервоарите, опремата и механизацијата, како и од евентуално истекување на санитарните отпадни и со несоодветно управување со отпадот.

Во Фабриката за преработка на глина и други суровини не се вршат земјоделски и фармерски активности.

Како извор на бучава за време на работата на Фабриката за преработка на глина и други минерални суровини, главно се јавува како резултат на машините кои се инсталирани во погонот и тоа:

- транспортни траки;
- сушара;
- дробилка;
- млин;
- компресор;
- вентилатори;
- филтри.

Исто така, бучава создаваат и товарните возила кои што вршат дотур на репроматеријали и вршат транспорт на готовите производи.

Во Фабриката за преработка на глина и други суровини се работи со 8 часовно работно време (08 – 16 часот).

Погонот се наоѓа во подрачје од III степен на заштита од бучава.

Инсталираната опрема во погонот е со превземени мерки за амортизација на евентуално појавување на вибрации со што е спречено негативното влијание врз работната и животната средина.

Не постојат извори на нејонизирачки зрачења во Фабриката за преработка на глина и други минерални суровини.

Со Програмата за подобрување се опфатени следниве активности:

- Изработка на термофасада од стиропор;
- Набавка и поставување на желатин (прозирни траки) на вратите;
- Редовна контрола на филтрите на оџаците А1 и А2;
- Зазеленување на локацијата;
- Прскање на просторот за складирање на глината и песокот, како и дворната површина на погонот;
- Обновување на договорите склучени со овластени постапувачи со отпад;
- Обновување на дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина.

Како потенцијални опасности за настанување на хаварии во инсталацијата се идентификувани:

- истекување на течни горива;
- пожар.

Потенцијалната опасност од истекувањето на течните горива е спречена со тоа што резервоарите за течни горива имаат изведено танквани кои ја прифаќаат истечената количина.

При настанување на пожар се пристапува кон:

- пристапување кон гаснење на пожарот со помош на апарати за гаснење пожар;

- информирање на територијалната противпожарна единица преку телефонскиот број 193;
- информирање на брза помош преку телефонскиот број 194;
- исклучување на електричната енергија;
- спречување на проширување на настанатиот пожар;
- обезбедување на евакуација на луѓето и материјалните добра;
- овозможување на непречена интервенција во случај на пожар.

При евентуален престанок со работа се предвидуваат активности со кои ќе се минимизира негативното влијание врз животната средина

XVI. ИЗЈАВА

Со оваа изјава поднесувам барање за дозвола/ревидирана дозвола, во согласност со одредбите на Законот за животната средина и прописите усвоени за таа цел.

Потврдувам дека информациите дадени во ова барање се вистинити, точни и комплетни.

Немам никаква забелешка на одредбите на Министерството за животна средина и просторно планирање или на локалните власти за копирање на барањето или на неговите делови за потребите на друго лице.

Потпишано од:_____ Датум_____

(во име на организацијата)

Име на потписникот_____

Позиција во организацијата_____

Печат:

ПРИЛОЗИ

Список на прилози:

- Тековна состојба
- Шематски приказ на технолошко производство и инсталирана опрема
- Извештај – Емисии во амбиентен воздух
- Извештај – Емисии на $ПМ_{10}$ честички
- Извештај – Ниво на бучава
- Имотен лист 9309
- Имотен лист 8845
- Дозвола за експлоатација (Архивски број 24-2132/4 од 28.07.2021 година, издадена од Министерство за економија)
- Дозвола за експлоатација (Архивски број 24-2138/4 од 28.07.2021 година, издадена од Министерство за економија)
- Договор со ЈП Комуналец за транспортирање и депонирање на комунален и комерцијален отпад
- Договор со ЈП Комуналец за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Договор за обезбедување на услуги во заштита на животната средина со ДЗЖС „ЕКО-ТЕАМ“ ДОО и Дозвола на ДЗЖС „ЕКО-ТЕАМ“ДОО
- Договор за деловна соработка со ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ и Дозвола на ЗД „ОТПАД“ ДООЕЛ
- Набавка на песок, меласа и мазут